**Спецификација за концепт, снимање и продукција на документарен филм за десет годишнината на Универзитетот на Југоисточна Европа**

Име на проектот: Документарен филм посветен на  десет годишнината на Универзитетот на Југоисточна Европа

Консултантски услуги: концепт, снимање и продукција на документарен филм посветен на десет годишнината на Универзитетот на Југоисточна Европа

Универзитетот на Југоисточна Европа објавува јавен повик за сите квалификувани компании да го изразат својот интерес за вршење на следниве услуги:

1. Концепт на сценариото, снимање и монтажа на документарниот филм во времетраење од 10 минути, емитуван на албански, на македонски или на англиски јазик и со соодветен превод на англиски јазик или на албански јазик. Обврските вклучуваат (но не се ограничени само на следниве), подготвување на сценариото, обезбедување сниматели и придружна опрема, монтажер и студио за монтажа и предавател за обезбедување на синхронизација. Документарниот филм ќе претстави избрани моменти и предмети (во рамките на Универзитетот од основање до сега). Документарниот филм, исто така, ќе ја презентира историјата и имиџот на Универзитетот преку видео - презентација, нарација и текст, во кој ќе биде претставено основањето, постигнатите резултати и иднината на Универзитетот преку тематски структурирана комбинација. Во документарниот филм ќе биде вклучен и архивски материјал од Универзитетот и од  различни локални и меѓународни медиуми.

Компанијата мора да го достави конечниот производ (документарен филм) на бараните јазици. Единицата на универзитетот за имплементација на проектот ќе ја координира работата на компанијата.

Заинтересираните компании треба да ги достават потребните информации: брошура, опис на слични задачи, искуство во слични услови, поседување на соодветни знаења од кадарот, итн. Тие исто така треба да  го покажат своето  искуство и способност за успешно спроведување на концептот, на сценариото, на снимањето и монтажата на документарниот филм (се работи за поседување кадар и соодветна опрема и вештини за да се монтира документарен филм на англиски, на албански и на македонски јазик).